Машински факултет
Број 02-1103/2
26.08.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во врска со барањето поднесено од Факултетското студентско собрание за организирање дополнителен – вонредна испитна сесија после есенскиот испитен рок во учебната 2020/2021 година, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 15-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 26 август 2021 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА
за организирање дополнителен – вонреден испитен термин
во есенскиот испитен рок во учебната 2020/2021 година

1. Се организира дополнителен – вонредни испитен термин во есенскиот испитен рок во учебната 2020/2021 година, за полагање на испити по предметите од зимскиот семестар од сите студиски години на прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје,.

2. Дополнителниот – вонредниот испитен термин во есенскиот испитен рок се организира, заради непречено напредување на студентите во услови на пандемија со Covid-19 и за задоволување на условеноста за запишување на предмети во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 год.

Дополнителен – вонреден испитен термин ќе се организира само за наставните предмети за кои студентите ќе извршат **електронска пријава во периодот 16 - 19 септември 2021 година**.

Студентите ќе донесат пријави во материјална форма само за положените испити, во Студентската служба при запишувањето на семестарот.

3. Испитниот термин од оваа одлука ќе се организира **во периодот 21 - 23 септември 2021 година**, при што студентот има право да пријави најмногу 2 (два) предмети.

4. Студентите пријавувањето и полагањето на испитите во дополнителниот – вонреден испитен термин го вршат без плаќање надоместок.

5. Начинот на полагање **(on-line или со фичичко присуство)** и термините за полагање на испитите во вонредниот септемвриски испитен термин, ќе се определат по завршување на редовниот есенски испитен рок, за што студентите ќе бидат дополнително известени.

6. **Резултатите** од спроведените испити наставниците се должни да ги објават **најдоцна до понеделник 27 септември 2021 до 14:00 часот**.

Во наредните 24 часа се обезбедува увид во прегледаниот труд и добиената оценка, за спроведените испити.

Обврската за внесувањето на оценките во електронскиот систем наставниците ќе ја извршат 24 часа по истекот на рокот за увид.

7. Продеканот за наставна дејност и Студентската служба ќе ги организираат и спроведуваат техничките аспекти за реализација на оваа одлука (објавување на термините за полагање, начинот на полагање, распоредот на испитите).

8. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, web страна, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан
Проф. д-р Дарко Данев